**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ВТОР КВАРТАЛ, 2018 ГОДИНА

јули 2018 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, речиси исто како и во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, слично како и во претходната анкета.
- Очекувања за третиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови на корпоративните кредити, при нето-зголемување на вкупната побарувачка, слично како и во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување кредити, но посилно од претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: натамошно нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити, слично како и во претходната анкета.
- Очекувања за третиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, но послабо во однос на очекувањата од претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, како и во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: мало нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, наспроти нето-зголемувањето во претходната анкета.
- Очекувања за третиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови на корпоративните кредити, при натамошно нето-зголемување на вкупната побарувачка слично како и во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

– Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување кредити, но послабо во споредба со претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, но послабо во споредба со претходната анкета.

– Очекувања за третиот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при нето-зголемување на побарувачката на кредити, но послабо од минатата анкета.

### *Мали банки*

### Кредити на претпријатијата

– Кредитна политика: натамошно нето-заострување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, слично како и во претходната анкета.

– Кредитна побарувачка:нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, наспроти непроменетите услови во претходната анкета.

– Очекувања за третиот квартал на 2018 година: непроменети кредитни услови и побарувачка на кредити, наспроти очекувањата за нето-заострување на кредитните услови и нето-зголемувањето на побарувачката на кредити во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

– Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на кредитните услови за одобрување кредити на домаќинствата, но посилно од претходната анкета.

– Кредитна побарувачка: непроменети услови на побарувачката на вкупните кредити, наспроти нето-зголемувањето на побарувачката во претходната анкетата.

– Очекувања за третиот квартал на 2018 година: непроменетост на кредитните услови, наспроти нето-олеснувањето во претходната анкета, при натамошно нето-зголемување на вкупната побарувачка на кредити.